# ЗАПИСНИК

Од одржаната **15-та** седница на Советот на општина Новаци одржана на ден **23.08.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:

Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски и Наумче Смилевски.

На седницата се присутни вработени во општина Новаци: Градоначалник-Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител на одделение за финасии, Николина Лозановска-соработник за соц. здр. и детска заштита, Стевче Ангелевски- секретар на општина Новаци

Гости: директорите на ЈОУДГ„Бамби“– Марина Кузмановска, ЈПКД „Комунална Хигиена“ - Александар Стефановски, ООУ„Славко Лумбарковски“ - Вецко Стојчевски и претседателот на ЗФК „Новаци 2005“- Пецо Трајчевски.

.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

Усвојување на Записникот од 14-та седница на Совет на Општина Новаци

1. **Барање за финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“ во износ од 1.596.940,00 ден. за отпочнување на припремите за новата натпреварувачка сезона (есенски дел) 2022година.**

2. **Извештај од ЗФК Новаци 2005 за потрошени финансиски средства доделени по Одлука на Совет на општина Новаци во изност од 300.000,00 денари .**

3. **Барање за финансиски средства од ЗФК Новаци 2005 во износ од 250.000, оо денари за подмирување на заостанати неподмирени трошоци од пролетната натпреварувачка сезона 2022година.**

4. **Предлог-Одлука именување на Александра Филиповска за нов член на Надзорен одбор на ЈКП Комунална Хигиена – Новаци**

5. **Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2023година на ЈПКД Комунална Хигиена –Новаци.**

6. **Одлука за усвојување на шестмесечниот извештај за работењето на ЈПКД Комунална Хигиена –Новаци.**

7. **Барање од вработените во општинската администрација за продолжување на организираниот превоз од општина Новаци на релација Битола - Новаци и обратно кој претходно со Одлука на Совет на општина Новаци беше одобрен.(во прилог пресметка за вкупните месечни финансиски средства за организиран превоз).**

**8. Барање од Месна заедница с.Горно Агларци за поставување на чешма за вода во близина на повеќенаменското игралиште.**

**9. Барање од Месна заедница с.Гнеотино и црковен одбор од с.Гнеотино за финансиски средства во висина од 100.000-120.000,оо денари или изнаоѓање на фирма за изведување на градежен зафат изработка на подлога(глетовање) со цел врескоживописување на манастир во с.Гнеотино.**

**10. Барање од Месна заедница с.Долно Агларци за одобрување на цевка во должина од 8м за потребите на селото таму каде што има потреба.**

**11. Барање од Друштво за трговија, градежништво, инвестиции и услуги АЛНАСЕР 2000 Компани ДОО Скопје, одговорно лице Јове Јосифовски за одобрување на две нови арматури лед улично осветлување кај фабриката за производство на минерална вода во с.Гермијан.**

**12. Барање од Месна Заедница на село Тепавци за организирање на дистрибуција на вода со камион цистерна согласно потребите на локалното население со цел надминување на проблемот со недостигот на вода во летниот период.**

**13. Барање од Црковен одбор на црква Св.Петар и Павле од с.Долно Агларци за одобрување на финан. Средства во градежни материјали за реконструкција на кровот на црквата.**

**14. Барање од Месна заедница од с.Долно Орехово за одобрување на пластично полиетиленско црево Ф63 во должина од 450м како и спојки и обезбедување на градежна машина Скип за ископ на каналот со цел решавање на проблемот со водоснабдувањето.**

**15. Предог-Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци –Август 2022г (набавка на градежни матерјали-бетон).**

**16. Предог-Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци –Август 2022г (Набавка на дрва за потребите на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци и Изградба на новопроектирани улици во индустриската зона Новаци-Улица 1 и Улица 4).**

**17. Барање од Месна заедница с.Грумази за асфалтирање на патот до с.Грумази во должина од 4км.**

**18. Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен за вршење на определени работи во надлежност на одделение за финансии и финансиски прашања-проценител на недвижен имот од страна на општина Ресен во корист и за сметка на општина Новаци.**

**19. Измена и дополнување на Решение за именување Персоналенсостав на штаб за заштита и спасување во единица на локална самоуправа Новаци бр.14-104/17 од 30.01.2018година.**

**20. Измена на Преглед на персонален состав на универзална единица во јачина на вод согласно Одлуката за формирање на сили за заштита и спасување на општина Новаци арх.бр.14-900/27 од 09.10.2015година.**

**21. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ Славко Лумбарковски, Новаци за учебната 2021/2022 година.**

**22. Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ Славко Лумбарковски, Новаци за учебната 2022/2023 година.**

**23. Предлог-Одлука за ослободување на корисниците на социјална помош од општина Новаци од плаќање на сметки за комунални услуги кон ЈПКД Комунална Хигиена-Новаци.**

**24. Предлог-Одлука за поддршка на Здруженија на граѓани и граѓански организации со седиште регистрирани во општина Новаци за обезбедување на превоз со возила во сопственост на општина Новаци.**

**25. Предлог измени и дополнувања на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Новаци за 2022 година.**

**26. Предлог Годишен извештај за работата на детска градинка ЈОУДГ БАМБИ – Новаци за период 2021/2022 година.**

**27. Предлог годишна програма за работата на детска градинка ЈОУДГ БАМБИ – Новаци за период 2022/2023 година.**

**28. Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2023година на детска градинка ЈОУДГ БАМБИ –Новаци.**

**29. Одлука за давање согласност за работата на воспитно –образовните групи во детска градинка ЈОУДГ БАМБИ –Новаци.**

**30. Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време во детска градинка ЈОУДГ БАМБИ –Новаци.**

Дополнување на дневен ред на 15-та седница на Советот на општина

**31. Предог-Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци –Измена Август 2022г (Набавка на таблети за потребите на учениците од 4-то одделение од ООУ Славко Лумбарковски-Новаци).**

**32.Предлог –Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата.**

**33.Барање од ЗФК Новаци 2005 за обезбедување на превоз во сопственост на општина Новаци за фудбалската екипа за есенскиот дел од првенството 2022/2023г**

**34.Годишен план за вработување за 2023 година –општина Новаци**

**35. Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2023г. на МЈП „ПЕЛАЛИНК “-Битола**

Пред почетокот на разгледување на дневниот ред Претседателката на Советот предложи да се додаде уште една точка на дневен ред под реден број 36.

**36. Предлог воспоставување на меѓуопштинаска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола**.

Исто така Претседателката предложи да не се разгледуваат точките под реден број **4, 9 и 24.**

Дневениот ред со предложените измени беше **едногласно** усвоен
Записникот од 14-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9** гласови **ЗА.**

**1 точка: Барање за финансиски средства од ЗФК „Новаци 2005“ во износ од 1.596.940,00 ден. за отпочнување на припремите за новата натпреварувачка сезона (есенски дел) 2022година.**

Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“, Пецо Трајчевски детално ја презентираше финансиската програма на фудбалскиот клуб за новата натпреварувачка сезона 2022г. – есенски дел.По неговото излагање советникот Иванчо Котевски упати две прашања до Трајчевски и тоа: Кој е тренер, а кој е шеф на стручниот штаб на фудбалскиот клуб? и второто прашање: Зошто фудбалерите кои потекнуваат од општина Новаци не се побарани да играат во тимот на ЗФК „Новаци 2005“?

Меѓу Трајчевски и советниците се разви дискусија при што советниците добија дополнителни одговори за човечките ресурси и организационата поставеност во самиот клуб како и информации за начинот на работење и начинот на остварување на поставените цели во новата натпреварувачка сезона есенски дел 2022г.

Советот на општина Новаци со **6 гласа за, 2 гласа против и 1 глас воздржан** донесе: Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗФК „Новаци 2005"-Новаци за натпреварување во натпреварувачката сезона 2022.г- есенски дел во износ од 1.596.940,00 ден

**2. точка: Извештај од ЗФК „Новаци 2005“ за потрошени финансиски средства доделени со Одлука на Совет на општина Новаци во изност од 300.000,00 денари .**

И по оваа точка Претседателот Трајчевски го презентираше Финансискиот извештај за доделени финансиски средства во висина од 300.000,00 при што од страна на Претседателката Најдовска–Стојковска беше побарано финансискиот извештај да биде дополнет со изводи од банка. Откако изводите од банка беа доставени до Советот на општина Новаци, советниците со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе: Одлука за усвојување на Извештај за потрошени финансиски средства на ЗФК “Новаци 2005”- Новаци .

**3. точка: Барање за финансиски средства од ЗФК Новаци 2005 во износ од 250.000, 00 денари за подмирување на заостанати неподмирени трошоци од пролетната натпреварувачка сезона 2022година**.

Претседателот Трајковски пред советниците објасни дека во моментот на неговото превземање на претседателското место во фудбалскиот клуб наследи заостанати долгови поради неплатени сметки по разни основи во вкупен изноз од 250 000,00 ден. Тоа го потврди со доставување на неплатени фактури пред советниците. По дискусија Советот на општина Новаци со **8 гласови за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗФК„Новаци 2005"- Новаци за подмирување на заостанати трошоци во висина од 250 000,00 денари.

**5 точка: Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци.**

Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“–Новаци Александар Стефановски објасни пред советниците дека во Годишниот план за вработување предвидуваат 4 нови работни места. Претседателката на Советот посочи дека според шестмесечниот извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена –Новаци“ е прикажана загуба во работењето на претпријатието така што претпријатие кое е во загуба не е добро да планира нови вработување се додека не ја надмине моменталната ситуација. Според тоа Претседателката Најдовска-Стојковска предложи Годишниот план за вработување да се врати на повторно разгледување. Овој предлог Советот на општина Новаци го прифати со **9 гласови за** и донесе: Заклучок за повторно разгледување на Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2023г. на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци.

**6 точка: Одлука за усвојување на шестмесечниот извештај за работењето на ЈПКД Комунална Хигиена –Новаци**

Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“–Новаци го презентирање пред Советниците Извештајот за шестмесечното работење на претпријатието при што прикажа негативен финансиски резултат од 1.307.116 денари во бруто износ. Потоа даде образложение за главните причини кои допринесоа за ваков исход и начините за надминување на ваквата состојба за што според негова проценка ќе се надмине во блиска иднина.

По презентирањето на Извештајот меѓу советниците и Директорот се разви дискусија, при што Советот со **9 гласови за** донесе Одлука за усвојување на Извештај за работа на ЈПКД “Комунална Хигиена” Новаци за период 01.01.2022 - 30.06.2022година( Јануари-Јуни).

**7. точка: Барање од вработените во општинската администрација за продолжување на организираниот превоз од општина Новаци на релација Битола - Новаци и обратно кој претходно со Одлука на Совет на општина Новаци беше одобрен.(во прилог пресметка за вкупните месечни финансиски средства за организиран превоз).**

По однос на оваа точка Николина Лозановска и Оливера Димитровка – државни службеници вработени во општина Новаци дадоа објаснување пред советниците за потребата и можноста за продолжување на претходно донесената Одлука при што беше доставена и проценка за потрошено гориво за изминатиот двамесечен период.Советниците се согласија за продолжување на Одлуката за обезбедување на превоз за вработените, но доколку тоа не преставува проблем во обезбедувањето на превозот на учениците кои го посетуваат ООУ „Славко Лумбарковски“ во Новаци или евентуалниот превоз на учениците од општина Новаци кои учат во средните училишта во Битола.

Советот **едногласно** донесе Одлука за продолжување на важноста на Одлуката за одобрување на организиран бесплатен превоз на вработените во општинската администарција до и од работното место.

**8 точка: Барање од Месна заедница с.Горно Агларци за поставување на чешма за вода во близина на повеќенаменското игралиште.**

Советниците го разгледаа барањето доставено од Месната заедница на с. Г.Агларци и **едногласно** донесоа Одлука за поставување на чешма за вода во близина на повеќенаменско игралиште во с.Горно Агларци

**10 точка: Барање од Месна заедница с. Долно Агларци за одобрување на цевка во должина од 8 м. за потребите на селото таму каде што има потреба.**

По однос на оваа точка, Советот одлучи стручно лице од општинската администрација да направи увид и врз основа на увидот да се одлучи за видот и количеството на градежен матерјал што е потребен за задоволување на барањето на Месната заедница на с.Д.Агларци. Советот со **9 гласа за** донесе: Заклучок за утврдување на потребата од поставување на цевка во должина од 8 м. за потребите на с.Долно Агларци

**11 точка: Барање од Друштво за трговија, градежништво, инвестиции и услуги „АЛНАСЕР 2000 " Компани ДОО Скопје, одговорно лице Јове Јосифовски за одобрување на две нови арматури лед улично осветлување кај фабриката за производство на минерална вода во с.Гермијан.**

Советот на општина Новаци го разгледа барањето и со **9 гласови за** донесе Одлука за поставување на улично осветлување во близина на фабриката „Алнасер 2000 Компани" ДОО Скопје во с.Гермијан

**12 точка: Барање од Месна Заедница на село Тепавци за организирање на дистрибуција на вода со камион цистерна согласно потребите на локалното население со цел надминување на проблемот со недостигот на вода во летниот период.**

И по ова прашање Советот одговори позитивно на барањето од М.З. на село Тепавци и **едногласно** донесе Одлука за одобрување достава на вода за пиење во с.Тепавци

**13 точка: Барање од Црковен одбор на црква „Св.Петар и Павле" од с.Долно Агларци за одобрување на финансиски средства во градежни материјали за реконструкција на кровот на црквата**.

По однос на ова прашање советниците Николче Димовски и Љупчо Петровски ги информираа советниците дека црквата „Св Петар и Павле" е единственствена црква во тој крај и е намената за верниците од двете села Горно и Долно Агларци. Поради дотраеност и оштетеност на црковниот објект потребна е неодложна реконструкција на кровот за да се спречи натамошно ошететување во објектот .

Советот на општина Новаци со **9 гласови за** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства во висина од 100 000,00 ден. во градежен матерјал за реконструкција на црквата „Св.Петар и Павле" во селата Горно и Долно Агларци

**14 точка: Барање од Месна заедница од с.Долно Орехово за одобрување на пластично полиетиленско црево Ф63 во должина од 450м како и спојки и обезбедување на градежна машина Скип заископ на каналот со цел решавање на проблемот со водоснабдувањето**

По однос на четиринаесетта точка, Советот го разгледа барањето и одлучи стручно лице од општинската администрација да направи увид и врз основа на увидот да се одлучи за видот, должината и количеството на градежен матерјал што е потребен за решавање на проблемот со водоснабдување во село Долно Агларци.

Советот со **9 гласа за** донесе: Заклучок за утврдување на потребата од поставување на цевка во должина од 8 м. за потребите на с.Долно Агларци

**15 точка: Предог-Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци – Август 2022г (набавка на градежни матерјали-бетон).**

Советниците го разгледаа Прегледот и **едногласно** донесоа Одлука за измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци –Август 2022г. (набавка на градежни матерјали-бетон).

**16 точка: Предог-Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци – Август 2022г (Набавка на дрва за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци и Изградба на новопроектирани улици во индустриската зона Новаци -Улица 1 и Улица 4).**

По разгледување на Предлог - Измената на Годишниот план за јавни набавки Советот на општина Новаци со **9 гласови за** донесе Одлука за измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци – Август 2022г (набавка на дрва за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци и Изградба на новопроектирани улици во индустриската зона Новаци -Улица 1 и Улица 4).

*Советникот Наумче Смилески ја напушти 15-та Седница на Советот на општина Новаци така што Советот продолжи да работи со 8 советници.

**17 точка: Барање од Месна заедница с.Грумази за асфалтирање на патот до с.Грумази во должина од 4 км**

По однос на оваа точка советниците дискутираа и заклучија дека локалниот пат од с.Д.Орехово до с.Грумази во должина од 4 км. не е вклучен во Програмата за асвалтирање на улици за 2022.г на општина Новаци и поради тоа не е можно асвалтирање на овој пат. Затоа советниците предложија негово санирање со тампон.

Советот на општина Новаци со **8 гласови за** донесе Одлука за санирање на локален пат на потег од село Долно Орехово до село Грумази

**18 точка : Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен за вршење на определени работи во надлежност на одделение за финансии и финансиски прашања -проценител на недвижен имот од страна на општина Ресен во корист и за сметка на општина Новаци.**

По однос на оваа точка Советниците се информираа за тоа дека општина Новаци не располага со соодветен кадар за проценка на недвижен имот затоа што работниот однос на административниот службеник која ја обавуваше оваа дејност заврши по основ на пензионирање, со што се доведува во прашање утврдувањето на данокот на имот, наследство и купопродажба. Поради тоа општина Новаци има намера да воспостави меѓуопштинска соработка со општина Ресен во корист и за сметка на општина Новаци преку својот овластен Проценител.

Советот со **8 гласови за** донесе Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Ресен

**19 точка: Измена и дополнување на Решение за именување Персоналенсостав на штаб за заштита и спасување во единица на локална самоуправа Новаци бр.14-104/17 од 30.01.2018година**.

Советниците ја разгледаа Предлог измената на штабот за заштита и спасување во ЕЛС Новаци и на предлог на Претседателот на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски со **8 гласови за** донесоа Решение за именување Персонален состав на штабот за заштита и спасување во единица на локална самоуправа Новаци за 2022г

**20 точка: Измена на Преглед на персонален состав на универзална единица во јачина на вод согласно Одлуката за формирање на сили за заштита и спасување на општина Новаци арх.бр.14-900/27 од 09.10.2015година.**

И по однос на оваа точка Претседателот на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања Горан Велјановски достави предлог до Советот на општина Новаци за измена на Членови на универзалната единица во јачина на вод. Овој предлог беше **едногласно** прифатен така што Советот донесе: Одлука за измена на персонален состав на универзална единица во јачина на вод за 2022г.

**21 точка: Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Славко Лумбарковски"- Новаци за учебната 2021/2022 година.**

Директорот на ООУ„Славко Лумбарковски"–Новаци, Вецко Стојчевски го презентираше Годишниот извештај за работа на училиштето во кој се сумирани резултатите од реализацијата на воспитно-образовната дејност предвидена во Годишната програма за работа во учебната 2021/22г, изработен од страна на Стручната служба и Директорот на училиштетио во соработка со наставниците.

Советот по кратката дискусија со **8 гласови за** донесе: Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ„Славко Лумбарковски"-Новаци за учебната 2021-2022г.

**22 точка: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ Славко Лумбарковски, Новаци за учебната 2022/2023 година**

И по однос на оваа точка збор зеде Директорот на ООУ„Славко Лумбарковски"–Новаци, Вецко Стојчевски кој пред Советниците детално ја презентираше Годишната програма за работа каде што меѓу другото детално се опишани програмите и организацијата за работа, вонаставните активности, вонучилишните активности, натпревари и подршка на учениците, соработката со родителите и др. Исто така Директорот информираше дека оваа година ООУ „Славко Лумбарковски" се регистрира како организација во регистарот за учество во програмата на Еразмус која овозможува учење преку мобилност на учениците и вработените. Советот на општина Новаци со **8 гласови за** донесе: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ„Славко Лумбарковски"-Новаци за учебната 2022/2023г.

**23 точка: Предлог-Одлука за ослободување на корисниците на социјална помош од општина Новаци од плаќање на сметки за комунални услуги кон ЈПКД „Комунална Хигиена"-Новаци**

По однос на оваа точка Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена"–Новаци Александар Стефановски го образложи барањето за ослободување од плаќање на лицата кои се приматели на социјална помош со постојано место на живеење во општина Новаци, а кои според негови информации не се голем број и не би преставувало проблем во работењето на претпријатието.

Советот на општина Новаци со **8 гласови за** донесе: Одлука за ослободување на корисници на социјална парична помош од плаќање на сметки за комунални услуги кон ЈПКД „Комунална Хигиена"- Новаци

**25.точка: Предлог измени и дополнувања на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Новаци за 2022 година.**

Советниците го разгледаа Предлогот за измена и дополнување на Програмата во делот Урбанистички проекти под точка 7 и точка 8 и со **8 гласови за** донесе: Одлука за

измени и дополнувања на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новацизa 2022 година.

**26.точка: Предлог Годишен извештај за работата на детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ „–Новаци за период 2021/2022 година.**

По однос на оваа точка Директорот на ЈОУДГ„Бамби“– Марина Кузмановска го образложи Годишниот извештај за работа во кој меѓу другото се опфатени подобрување на условите во институцијата, организација на дневните активности, реализација на програмите соработката со родителите и др. По излагањето Советниците гласаа и со **8 гласа за** донесеоа: Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈОУГД „БАМБИ “ Новаци за 2021/2022 година.

**27 точка: Предлог годишна програма за работата на детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ„ –Новаци за период 2022/2023 година.**

И по оваа точка Директорката пред Советниците ја образложи Годишната програма за 2022/23г.во чии состав се вклучени планирани воспитно-образовни активности ,активности со родителите и оварање на Советувалиште за деца и родители,активности за стручно усоврчување на кадарот како и годишна програма за работа на директорот.По разгледување на програмата од страна на Советниците како и по кратката дискусија Советот на општина Новаци **еднogласно** донесе: Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУГД „БАМБИ“-Новаци за 2022/2023 година

**28 точка: Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ “ – Новаци.**

Советот на општина Новаци го разгледа Годишен план за вработување за 2023година на детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ“ – Новаци според кој е планирано само 1 ново вработување – административен работник и со **8 гласови за** донесе: Одлука за усвојување на Годишен план за вработување на ЈОУГД „БАМБИ“-Новаци за 2023 година

**29 точка: Одлука за давање согласност за работата на воспитно –образовните групи во детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ“ –Новаци.**

Директорката Кузмановска појасни дека секоја учебна година е потребно со одлука на Совет да се утврдува работата на бројот на деца во воспитните групи како и почетокот и завршетокот на работното време на установата. Затоа Советот ја разгледа Предог – одлуката и со **8 гласови за** донесе: Одлука за давање Согласност за работа на воспитните групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца во детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ“-Новаци за 2022/2023 година.

**30 точка: Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време во детска градинка ЈОУДГ БАМБИ –Новаци.**

Советот ја разгледа Предог – одлуката според која работното време на установата се одредува од 06.30 до 16.00 со цел задоволување на потребите на родителите и со **8 гласови за** донесе: Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во детска градинка ЈОУДГ „БАМБИ“ - Новаци за 2022/2023 година.

**31 точка: Предог-Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци -измена Август 2022г (Набавка на таблети за потребите на учениците од 4-то одделение од ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци)**

Советниците го разгледаа Прегледот и **едногласно** донесоа Одлука за измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци –Август 2022г. (набавка на таблети за потребите на учениците од 4-то одделение од ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци)

**32 точка: Предлог–Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата**.

Советниците го разгледаа Предлог-Анекс на колективниот договор кој се изменува и дополнува во делот на Плата на вработените со статус на државни службеници и инспектори, поточно во член 20а. По дискусијата советниците со **8 гласови за** донесоа: Одлука за усвојување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата

**33 точка:Барање од ЗФК„Новаци 2005“ за обезбедување на превоз во сопственост на општина Новаци за фудбалската екипа за есенскиот дел од првенството 2022/2023г**

Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“, Пецо Трајчевски објасни пред Советниците дека патниот трошок не е вметнат во Финансиската програма за оваа сезона и затоа бара од Советот на општина Новаци да обезбеди превоз од општинскиот возен парк за да може фудбалскиот клуб да ги реализира гостинските натпревари во есенскиот дел од натпреварувањето. Советот на општина Новаци со **8 гласови за** донесе: Одлука за одобрување на организиран превоз обезбеден од општина Новаци на ЗФК „Новаци 2005г.“-Новаци

**34 точка: Годишен план за вработување за 2023 година – општина Новаци**

Советот на општина Новаци го разгледа Годишниот план за вработување на општина Новацив во кој се планира 1 пензионирање и 4 нови вработувања и **едногласно** донесе: Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2023г. на општина Новаци

**35 точка: Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2023г. на МЈП „ПЕЛАЛИНК “-Битола**

МЈП „Пелалинк“– Битола како меѓуопштинско претпријатие за превоз на патници меѓу општините Битола, Новаци и Могила изготви Годишен план за вработувањеза 2023г. и го достави до Советот на општина Новаци

Советниците го разгледаа Годишниот план и со **8 гласови за** донесоа: Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2023г. на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ - Битола

**36 точка: Предлог воспоставување на меѓуопштинаска соработка помеѓу општина Новаци и општина Битола**

По однос на оваа точка Советниците се информираа за тоа дека општина Новаци не располага со соодветен кадар за вршење на определени работи од областа на животната средина (одобрување на елаборати за заштита на животната средина) затоа што работниот однос на административниот службеник која ја обавуваше оваа дејност заврши по основ на пензионирање. Поради тоа општина Новаци има намера да воспостави меѓуопштинска

соработка со општина Битола во корист и за сметка на општина Новаци преку свое овластено лице определени работи од областа на животната средина (одобрување на елаборати за заштита на животната средина)..

Советот со **<u>8 гласови за</u>** донесе Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

Записничар: Н. Лозановска

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_______________________________